# ЗАКОН
# ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ (ИДА), ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНИТЕ

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) со кредит во износ од 4,1 милиони (4.100.000) Специјални Права на Влечење (СПВ), еквивалент на 5 милиони американски долари, наменет за Проектот за развој на општините.

Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон се утврдуваат со договор за кредит по Проектот за развој на општините, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој (ИДА).

Во име на Република Македонија, Договорот за кредит од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Кредитот е бескаматен, со рок на отплата од 20 години и грејс период од 10 години.

Кредитот ќе се отплаќа во 20 еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и 15 ноември секоја година, почнувајќи од 15 ноември 2012 година, а завршувајќи на 15 мај 2022 година.

Член 4

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Меѓународното здружение за развој (ИДА) на 30 јуни секоја година, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегувањето во сила на Договорот од член 2 од овој закон до денот на повлекување на средствата.

На повлечените средства од главницата на кредитот што пристигнува за плаќање се плаќа провизија за услуги по стапка од 0,75% годишно.

Провизијата од ставовите 1 и 2 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15 мај и на 15 ноември секоја година.

Член 5

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".